УБАВИНАТА ја ЖИВЕЕМЕ.

Минуваме низ неа, покрај неа, застануваме до неа... Ама, сепак, некој треба да ни ја покаже за да ја видиме! УБАВИНАТА.

Еве, тоа го прават фотографиите на Љупчо Илиевски: ни ги отвораат очите, ни покажуваат што ИМА во Преспа.

ИМА ЕЗЕРО. А исконска вистина е – каде има вода, има и живот. Каде има живот, има СЀ.

ЕВЕ го ангелот. АНГЕЛОТ од Курбиново, девет векови милост и просветленост во дланките што подава кон сите што ќе го видат и што не ќе го видат... зашто за него и се раскажувало и се прикажувало и  на невидено: за бисерите во руситe коси, за лелеавата одежда, за милозливиот лик засолнат во црквичето покрај дабот-горостас од каде пука поглед над езерото, сé до Голем Град. За да се погордееме – и ние Македонците ОСТРОВ имаме!

На островот, кажува археологијата, имало населби во долг континуитет, од 4 век п.н.е. до 14 век од нашава ера, а легендите  -  дека летни двери Царот подигнал и цркви изградил. На ГОЛЕМ ГРАД. Да се знае каде Самоил летата ги минувал... Само фојата, црниот габер, Македонскиот даб и благунот од островот молчат и паметат.

ЕВЕ го езерото наоколу: се мрешка далги-далги во окото на Фотографот. Горе – катран небо. Долу, корморанот полетува од гнездовите колонии на островот. Во водите – пеликанот – реморкер ја пени водата  а  подалеку негде гордите галеби го цепат небото со нивната белотија, топкалестите лични норчиња се црнеат по езерото, а со нив - рибар –горостас. Во окцето на белвичето – светлината што ги цепи црнилата на небесата за да ја блесне белината на снеговите врз Галичица или врз виножитото од шуми на Пелистерот. Здивот на Фотографот запрел, ама се слуша езерото, се слуша шумата, се слуша убавината на Преспа меѓу двата национални парка. Преспа меѓу изгрејсонцето над кревката моминска снага на моликата на Пелистер и зајдисонцето зад миризливите билки на Галичица. Заумно.

ЕВЕ ги и планините околу Преспа, а Фотографот го овековечува контрапунктот: на зелената позадина белее по некое бело грутче. Не снег,

туку црква или манастир – Света Петка над Брајчино, Свети Илија над Грнчари, Света Богородица над Слимница... Во неа - фреска со лик на световно момче, со прескапо име за чедо – Купен, оти млад се одлепил од овоземното ама останала милата лика негова за век и веков врз црковниот ѕид.

Камерата слегува во полето, низ јаболковите расадници, го спушта погледот врз нагрозедените и натежнати гранки од зрели плодови, од богата летина, а потоа - в град. Ѕирнува во ковачницата, застанува крај тезгите, им се радува на боите и сонцето... Ја бележи историјата – Младотурскиот бег Нијази среде касабата ресенска подига револуционерна градба, ексклузивната палата, САРАЈ. Храбар чекор на европеизација во архитектонското изразување. А безимените мајстори – МАЈСТОРИ. Мермерот – ЧУДЕСИЈА! УБАВИНАТА – овдешна.

Сарајот,пак, е ризницата во која се чува националното богатство – збирката на современа керамика создавана во изминативе 38 години на работните сесии на институцијата Ресенска керамичка колонија, членка на Меѓународната академија за керамика при УНЕСКО. Вредната збирка од повеќе од 1000 дела го заслужи членството во оваа престижна организација како една од деветте сродни професионални институции од целиот свет. Окото на Фотографот застанало над делата родени од спојот земја, вода, оган и го запомнило преку камерата творечкиот гениј.

ЕВЕ ги делата на врвни светски мајстори на уметничка керамика од целиот свет: од Холандските Антили до Јужна Кореа, од Нов Зеланд до Аљаска од Норвешка до Турција, од секој агол на Планетата Земја! 24 земји, 164 уметници!

Времето на визуелната револуција низ окото на дигиталната камера е овде. Фотографијата – совршенство!

А сепак, потребно е некој да ни каже, како што открил Жерар де Нервал дека „во нашите соништа има светлина но никогаш не сме помислиле дека таа е тука. А тука е.“

Сите во нашите животи ја имаме светлината на Преспа. Но ЕВЕ ги фотографиите од Преспа со врвна естетика и неопислив инстинкт за мигот кој токму тогаш и токму таму треба да се зграпчи и благородно да се зароби во камерата. Зашто е миг. А МИГОТ го снемува.

ЕВЕ

ги ЉУПЧО ИЛИЕВСКИ и неговата ЉУБОВ. Тој го везе ситниот вез на македонската традиција со усет на поет, со мерка на сликар, со однос на човекољубец, природољубец. Неговиот поглед спрема околината е ренесансно хуманистички, а погледот врз сензацијата – човечки, емотивен, чувствен... Камерата МУ Е ПОСЛУШНА.

## Б И О Г Р А Ф И Ј А

Љупчо Илиевски

e-mail : ljupcoilievski@gmail.com

www.ljupcoilievski.mk

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Дата и место на раѓање : 30.07.1955

Ул.Руди Чаевец 4/22 Скопје

Прилеп, Македонија

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

1984- Хонорарно вработен во ТАНЈУГ

1987-1993 - Вработен во МРТВ како фоторепортер

1993 –денес Вработен во МРТВ како камерман/сниматeл

**АКТИВНОСТИ**

1980-1989- Како член на Фотоклуб 25,учество на повеќе групни излозби

1988- Учество на филмскиот фестивал Неум со проектот “Сеќавање”

1992- Самостојна изложба на театарска фотографија “Photo play”na МОТ

1993-Самостојна изложба на фотографии под наслов “Траги”

1993- Изложба на фотографии “Театарска фотографија”на фестивалот Којдан Чернодрински (со  Александар Ѓеоргиев )

1995- Самостојна излозба на фотографии “Експеримент”

1996- Автор на поштенските марки со тема-Теракотни икони по број 4 со блок

1997- Ретроспективна изложба на “Театарска фотографија” во МКЦ

2002-Работа на проектот “Мегалитска опсерваторија Кокино”

2007- Автор на марки со тема Кокино, по број 2

2007- Изложба “Кокино низ археологијата”, Куманово

2007-Ретроспективна  изложба за МКЦ- (со Александар Кондев)

2008-Репортажа за Кокино објавена во “National Geographic”

2008-Учество во рекламата Macedonia Timeless со фотографии

2009-Кокино  мистичен шепот низ вечноста,Скопје

2009- Самостојна изложба “Чекорење низ Македонија”, Алба-Италија

2009- Самостојна изложба “Чекорење низ Македонија”,Казине-Италија

2009- Самостојна изложба “Чекорење низ Македонија”,Пјаченца-Италија

2009-Преставување на Македонија на светскиот саем на книгата во Франкфурт- Мулти медијален проект

2009-Учество  на групна изложба во Швајцарија

2009- Учество со авторски фотографии во документарен филм за Кокино

2010- Самостојна изложба “Убавините ги живееме” во Ресен

2011-  Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста” Крањ, Словенија
2011- Самостојна изложба “Убавините ги живееме” во Скопје

2011- Групна изложба “Преспа- допир со природата”
2012- Колумна 99+1 (фотографии со текст) во Нова Македонија

2012- Групна изложба на фотографии за Градот Скопје

2013- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста” Белград, Србија

2014-  Излозба “ 99 + 1”  (фотографии со текстови)Скопје, Македонија-Национална установа “ Музеј на македонската борба“-Порта Македонија

2015 - Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

Куманово, Македонија

2015- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

Велес, Македонија

2015- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

Кавадарци, Македонија

2016- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

Крива Паланка , Македонија

2016- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

Гевгелија  , Македонија

2016- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

НУ Археолошки музеј Скопје, Македонија

2016- Самостојна изложба “Кокино- Мистичен шепот низ вечноста”

Софија- Р. Бугарија

2017- Самостојна изложа „ Убавината ја живееме„

Крива Паланка, Македонија